ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА НА ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

01 2023 06 01/1

**Скопје, февруари 2024 година**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести на сметката за средства од Фондот (737) за 2022 година.

Изразивме неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2022 година.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2009 година со која се воздржавме од давање миселње во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива.
Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што е изминат подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Клиниката за 2022 година утврдено е следното:

- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост и утврдени се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- сметководствената и материјалната евиденција на постојаните средства и залихите не се усогласени и истите не се потврдени со состојбите по спроведениот попис;
- набавените медицински гасови не се евидентираат како залихи, лековите за третман на ретки болести не се евидентираат со финансиски показатели, а потрошокот на залихите се евидентира при издавањето на истите од аптека, а не при нивното издавање по пациент;
- во дел од спроведените постапки за јавни набавки констатиравме несоодветна примена на Законот за јавните набавки;
- постои несоодветна исплата на плата и надоместоци на плата, а утврдени се и недоследности при утврдување коефициенти и распоредување на работно место;
- функцијата на внатрешната ревизија не е остварена во насока на минимизирање на слабостите и подобрување на ефикасноста во работењето.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки до одговорните лица.
Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата известува за начинот на :

- кој се изготвуваат техничките спецификации при набавка на хормонот за раст како и начинот на приклучување на нови пациенти на хормонска терапија;

- лекување на пациенти од Цистична фиброза со лекови кои не се на позитивната листа на лекови за кои се обезбедува условен надоместок од Фондот или пак се набавуваат преку програмата за лечење на ретки болести
- пресметка и исплата на плата на одговорните лица на Клиниката;

Клучно прашање за ревизијата е дека не е обезбедено вистинско купување на здравствени услуги поради законската обврска на Фондот да обезбеди средства за целосно функционирање на оние ЈЗУ, во кои спаѓа и Клиниката, кои поради повеќе причини не успеваат да остварат соодветен вид и обем на здравствени услуги во висина на договорениот надоместок.

Во делот на Останати прашања ревизијата известува за Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење и Централниот систем за регистрација на работното време при Министерството, кои не се воспоставени во целост

Во текот на ревизијата извршени се корекции со што е зголемена вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2.359 илјади денари.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 25 –172 /8 од 19.12.2023 година.

СОДРЖИНА:

Список на кратенки 5
1. Вовед 6
2. Мислење за финансиски извештаи 7
Мислење за финансиски извештаи 7
Мислење за усогласеност со закони и прописи 7
3. Основ за изразување на мислење 7
3.1.Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи 8
3.2.Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи 11
4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет 15
5. Клучни ревизорски прашања 19
6. Останати прашања 19
7. Законска основа за ревизијата и временски период 20
8. Опфат и ограничувања 21
9. Одговорност за финансиски извештаи 21
10. Одговорност на ревизорите 21
11. Корекции во текот на ревизијата 23
12. Одговор на ревидираниот субјект 23
Финансиски извештаи за 2022 година
Биланс на приходи и расходи 24
Биланс на состојба 25
Преглед на промени на извори на капиталните средства 26
Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи
Вовед 27
Сметководствени политики 31
Образложенија кон финансиските извештаи 32

**Прилог 1** – Постапки за јавна набавка на лабораториски материјали каде се утврдени неправилности

**Список на кратенки**

| | |
|---|---|
| Клиника | ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести |
| Фонд | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |
| ЈЗУ | Јавна здравствена установа |
| Министерство | Министерство за здравство |
| Мој термин | Интегриран здравствен информатички систем |
| ЕСЈН | Електронски систем за јавни набавки |
| ЈУ за заеднички работи | Јавна установа за потребите на Јавните здравствени установи, Универзитетските клиники и Ургентен центар |
| Владата | Влада на Република Северна Македонија |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:25-189/1**

**Дата: 02.02.2024**

## 1. Вовед

Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести со седиште на бул. Мајка Тереза бр. 17 Скопје е основана и организирана согласно одредбите на Законот за установи и Законот за здравствената заштита.

Клиниката е јавна здравствена установа со права, обврски и одговорности утврдени со закон, колективен договор, статут и други општи акти. Основач на Клиниката е Владата на Република Северна Македонија.

Клиниката ја врши здравствената дејност во мрежата на здравствени установи, согласно со стручни упатства за медицина заснована на докази и протоколи утврдени од министерот за здравство и согласно Законот за здравствената заштита.

Клиниката во рамки на дејноста што ја врши во мрежата, укажува здравствени услуги на осигурени лица согласно Законот за здравственото осигурување под услови и начин утврдени со прописи од здравствената заштита и здравственото осигурување. Клиниката дава здравствени услуги и на пациенти кои истите ги плаќаат со лични средства.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна од 25 до 27 на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести, на сметката за средства од Фондот (737) за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести, на сметката за средства од Фондот (737) за 2022 година, со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести, на ден 31 декември 2022 година на сметката за средства од Фондот (737), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести за 2022 година, на сметката за средства од Фондот (737), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите на Државниот завод за ревизија, согласно ISSAI стандардите, се опишани дополнително во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Со извршениот увид во сметководствената и материјалната евиденција на материјалните средства во износ од 78.686 илјади денари која претставува 36% од вкупната актива на Клиниката, каде се евидентираат состојбите на градежните објекти и опремата ги утврдивме следниве состојби:

- вредноста на материјалните средства во материјалната евиденција (книга на основни средства) искажана на ден 01.01.2022 година е помала во однос на вредноста искажана во сметководствената евиденција и Билансот на состојба за 13.944 илјади денари;
- вредноста на материјалните средства во материјалната евиденција (книга на основни средства) искажана на ден 31.12.2022 година е помала во однос на вредноста искажана во сметководствената евиденција и Билансот на состојба за 12.237 илјади денари.

Наведените состојби на неусогласеност помеѓу главната и помошната книга не е во согласност со член 6 став 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае на реалноста и објективноста на финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката да преземат активности за усогласување на сметководствената и материјалната евиденција материјални средства.

3.1.2. Со увид во сметководствената евиденција на Клиниката и преземените активности за вршење попис, како и Извештајот за извршениот попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2022 година, ревизијата го утврди следното:

- со пописот не е утврдена состојбата на нематеријалните средства со кои располага Клиниката, како и состојбата на залихите на лекови за цистична фиброза во инсулински аптеки;
- во пописните листи кои се однесуваат на постојаните средства не се наведени вредносни показатели и поради што не е можно да се изврши усогласување на податоците од спроведениот физички попис со податоците од сметководствената евиденција;
- за состојбата на обврските, утврдена врз основа на сметководствени податоци преземени од аналитичка картичка, од страна на пописната комисија не се преземени активности за утврдување на старосната структура на истите, причините за нивното настанување и дали истите се целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција.

Утврдените состојби не се во согласност со член 29, 31-а и 31-в и од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, упатуваат на

нецелосно спроведен попис и влијаат на реалноста и објективноста на Билансот на состојба.

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката, одговорните лица номинирани за вршење попис на средствата и обврските и лицето задолжено за водење сметководство во делот на своите надлежности да преземат активности за:

- вршење на попис на сите средства со кои располага Клиниката;
- внесување на вредносни показатели во пописните листи заради вредносно усогласување на состојбите од спроведениот попис со податоците во деловните книги и
- при вршење на попис на обврските да се утврди старосната структура на истите, причините за нивното настанување и целосно и правилно евидентирање во сметководствената евиденција.

3.1.3. Со извршената ревизија на сметководствената и материјалната евиденција на прием, складирање и издавање на залихи на материјали, извршениот попис на состојбите на ден 31.12.2022 година, како и воспоставените контроли и нивното функционирање во овој процес утврдивме дека:

- не постои усогласеност помеѓу состојбите на залихите на материјали искажани на 31.12.2022 година во главната и помошната книга и спроведениот попис што е прикажано на Графикон бр. 1

**Графикон бр.1**




Од направената анализа може да се заклучи дека податоците во Билансот на

состојба се искажани на износ понизок за 13.970 илјади денари од податоците од спроведениот попис и за износ понизок за 31.501 илјади денари од податоците во материјалната евиденција;

- реализирани се расходи за набавка на медицински гасови во износ од 3.964 илјади денари кои се добиваат преку централниот систем за доставување од ЈУ за заеднички работи која е одговорна за набавка и дистрибуција. Воспоставена е пракса да се фактурира по кислородно место во секоја клиника а не по реално потрошени количини, поради тоа што набавените количини не се евидентирани во сметководствената евиденција како материјали на залиха и не е обезбедено следење на потрошокот;
- иако во рамки на софтверот за материјална евиденција се генерираат податоци за финансиска и материјална потрошувачка на лекови за секоја организациона единица, истите не се користат при сметководствено евидентирање на трошокот на залихите, што не е во согласност со член 92-г став 4 од Законот за здравствена заштита кој ги обврзува ЈЗУ да воведат редовна евиденција на сите потрошени основни и помошни медицински материјали класифицирани по пациент, по упат и по здравствен работник Имено, сметководственото евидентирање на трошокот на залихите се врши врз основа на "месечни спецификации" за издадени лекови и медицински потрошен материјал од аптеката до болничките одделенија.

Горенаведените состојби укажуваат на нереално и нецелосно следење на потрошокот на залихите кои се неопходни за вршење на дејноста на Клиниката и влијаат врз точноста и вистинитоста на искажаните податоци во Билансот на состојба што не е во согласност со член 2, член 6 став 2 и член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката да ги преземат следните активности:

- евидентирање на залихата за секоја организациона единица одделно и воспоставување соодветна сметководствена евиденција за истото;
- усогласување на материјалната и сметководствена евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот;
- потрошокот на залихите во сметководствената евиденција да се евидентира во моментот на издавање од организациона единица по пациент.

3.1.4. Лековите кои се однесуваат на третман на ретки болести кај пациентите, а кои не се наоѓаат на позитивната листа на лекови, Клиниката ги обезбедува по пат на донација која претходно е одобрена од страна на министерството или пак преку постапка за јавна набавка која во име и за сметка на Клиниката ја спроведува министерството. Воспоставена е пракса во материјалната евиденција на Клиниката да се внесуваат податоци за добиените и издадените количини на лекови без да се внесуваат вредносни показатели поради што не е воспоставена

евиденција на финансиската вредност на овие лекови што влијае на целосноста на податоците во Билансот на состојба.

По спроведени дополнителни аналитички постапки од страна на ревизијата утврдивме дека согласно договори за донации во текот на 2022 година примени се лекови во износ од 44.345 илјади денари без ДДВ. Исто така, примени се лекови за ретки болести од страна на министерството, во вредност од 222.249 илјади денари.

Состојбата на неискористените лекови за ретки болести на 31.12.2022 година изнесува 50.752 илјади денари без ДДВ. Во оваа насока истакнуваме дека горенаведените износи би можеле да бидат и повисоки бидејќи во два договори за донација не е наведена вредноста на донацијата, а додека пак за два лека за лекување на ретки болести не бевме во можност да дојдеме до податок за единечната цена по која се набавени.

Утврдената состојба влијае на реалноста и објективноста на прикажаните позиции во Билансот на состојба и не е во согласност со член 6 став 2 од Законот за сметководство на буџетот и буџетските корисници.

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката да преземат активности за воспоставување навремена и целосна финансиска евиденција на сите залихи на лекови за ретки болести со кои располага Клиниката.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

### Јавни набавки

3.2.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2021 и 2022 година, а по кои во годината предмет на ревизија преземени се обврски во вкупен износ од 290.097 илјади денари, извршивме ревизија на вкупно 29 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2022 година, од кои 10 се спроведени во 2022 година и 19 во 2021 година. При тоа опфативме 74 % од вкупно преземените обврски кои подлежат на Законот за јавни набавки при што утврдивме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на истиот:

- во текот на 2022 година набавени се лекови во износ 8.638 илјади денари во период кога постапката за јавна набавка сѐ уште не била спроведена. Набавката на лековите е вршена на реверс, а фактурите се изготвени и доставени до Клиниката по склучувањето на договорите за јавна набавка. Почитувајќи ја потребата од континуирано и навремено обезбедување на лекови, утврдивме дека воспоставениот начин на набавка влијае на рационално користење на средствата во постапките за јавни набавки и почитување на начелото на конкуренција, што не е во согласност со член 3 и

член 5 од Законот за јавните набавки;

- во постапка за набавка на градежно занаетчиски работи спроведена во 2021 година согласно која преземени се обврски во износ од 3.062 илјади денари, предметот на набавка не е прецизно дефиниран, односно не е направена предмер пресметка и не се специфицирани конкретни работи/позиции, како и обем на количини на работите кои ќе се изведуваат, односно не е изготвен проект со кој ќе се определат точните работи и количини што Клиниката планира да ги изведе на своите објекти, во моментот на спроведување на постапката, особено што не е ангажиран ниту надзор над работите. Исто така, со техничката спецификација предвидени се повеќе групи/видови на работи во рамки на кои се предвидени позиции за кои се бараат единечни цени, а предмет на евалуација/негативно наддавање е вкупната вредност на понудата, при тоа за одредени позиции кои имаат значајно влијание во вкупната цена не се јавила потреба за нивно изведување. Воспоставениот начин на набавка на градежно занаетчиски работи овозможува субјективно определување на работи кои ќе се извршат, намалување на квалитетот на работите и формирање на цени што понатаму влијае на економичното користење на средствата спротивно на член 4 од Законот за јавните набавки;
- во текот на 2021 и 2022 година спроведени се 36 постапки за набавка на лабораториски потрошен материјал[1] согласно кои преземени се обврски во износ од 66.597 илјади денари, при што утврдивме дека:
  - во дел од постапките, материјалите се за медицинска опрема - апарати со затворени системи[2] кои користат реагенси и потрошен материјал кои ги обезбедува економскиот оператор кој е ексклузивен застапник за стоките предмет на набавката;
  - во останатиот дел од постапките е наведено дека се врши набавка на лабораториски потрошен материјал за определено испитување при што од страна на економските оператори се бара да достават апарат на бесплатно користење во времетраење на договорот. Со извршениот увид во техничките спецификации на овие постапки утврдивме дека предметот на набавките не е опишан на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин, а во дел од постапките минималните карактеристики кои треба да ги поседува апаратот кој се доставува се дефинирани во параметри кои ја ограничуваат конкуренцијата.

Утврдените состојби не се во согласност со член 5 и член 82 од Законот за јавните набавки и не овозможуваат конкуренција и соодветно искористување на средствата во постапката за јавна набавка бидејќи не се создадени услови за намалување на цената, при што се прифаќа цената која е дадена во понудата на единствениот понудувач. Детален преглед на

[1] Реагенси, тестови и калибратори
[2] Дел се набавени од страна на клиниката, а дел се добиени како донација

утврдени неправилности по овој основ е даден во Прилог бр. 1 од овој Извештај;

- во постапките за набавка на поправки и тековно одржување на опремата со која располага Клиниката, спроведени во 2021 година, техничките спецификации не се изготвени на начин кој ќе опфати поголем број на резервни делови што придонело во текот на 2022 година да се набават резервни делови и услуги за нивно вградување во износ од 1.601 илјади денари без спроведена постапка за јавна набавка. Начинот на кој се дефинирани техничките спецификации за овој вид на набавка не е во согласност со член 82 од Законот за јавните набавки.

Воспоставениот начин на постапување при спроведувањето на дел од постапките за јавна набавка упатува на несоодветна примена на одредбите од Законот за јавните набавки и создава ризик за нерационално користење на буџетски средства.

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- набавката на лекови и медицински потрошен материјал да се врши исклучиво по спроведена постапка за јавна набавка;
- при набавка на градежно занаетчиски работи, предметот на набавката да биде дефиниран врз основа на предмер пресметка/проект каде ќе бидат дефинирани конкретни работи/позиции кои договорниот орган планира да ги изведе и да се ангажира стручен надзор за потврдување на извршените работи за кои се води градежна книга/градежен дневник.
- при набавка на материјали за лабораториски испитувања да се искористи законската можност за доделување на повеќегодишна рамковна спогодба, а предметот на набавка да се дефинира како тест за определено испитување и при тоа да се обврзе економскиот оператор чија понуда е избрана за најповолна да достави компатибилен апарат за вршење на анализите во периодот на траење на договорот;
- при спроведување на постапки за набавка на поправки и тековно одржување на опремата, техничките спецификации да се дефинираат на начин со кој ќе се опфати што е можно поголем дел на резервни делови.

3.2.2. На позицијата Плати и надоместоци евидентирани се расходи во износ од 231.908 илјади денари кои се однесуваат на извршени исплати за редовна плата на вработените и исплата на надоместоци за дежурство, прекувремена работа, како и други надоместоци определени со закон и колективен договор.

Со увидот во евиденцијата на работното време, пресметката и исплатата на плати и надоместоци на плати го утврдивме следното:

- исплатени се 11.426 илјади денари по основ на дежурства, без да биде побарана согласност од Министерството за воведување на истите во поголемиот дел од годината, односно Согласноста е обезбедена на 24.11.2022 година што не е во согласност со член 211 став 6 и 216 од Законот за здравствена заштита каде е уредено дека здравствената установа може да воведе дежурство за обезбедување непрекината 24-часовна здравствена дејност, само по исклучок доколку со организирањето на работата во смени не е во можност да го обезбеди истото, за што е должна да обезбеди согласност од Министерството.
- исплатени се 205 илјади денари за прекувремена работа на 12 вработени лица при што во целост не е испочитувана законската процедура. Имено за воведувањето на прекувремена работа не е доставено писмено известување до подрачниот државен инспектор на трудот, што не е во согласност од член 117 став 2 и став 6 од Законот за работните односи;
- утврдени се недоследности при утврдување на коефициенти и распоредување на работно место кај дел од вработените со статус на административни службеници. Имено:
    - на вработени со понизок степен на образование им е утврден коефициент за исплата на плата предвиден за работни места со повисок степен на образование;
    - на вработени кои не се распоредени на раководно работно место им се исплаќал додаток на плата за одговорност.

  Наведеното не е во согласност со Законот за административни службеници, Колективниот договор за здравствената дејност и Поединечниот колективен договор на Универзитетски клиники.

Утврдените состојби овозможуваат субјективно определување на должината на работното време и висината на надоместоците кои ќе се исплатат за определени вработени, нецелосно уредување на правата и обврските помеѓу работодавачот и вработените, несоодветна исплата на плата и надоместоци на плата.

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката да ги преземат следните активности:

- прекувремената работа да се одобрува и организира од страна на одговорното лице на клиниката, по претходно испратено известување до државниот инспекторат за труд;
- распоредувањето на работни места и доделувањето на коефициенти за пресметка и исплата на плата на вработените кои се административни службеници да биде усогласено со одредбите на Законот за административни службеници и Колективните договори во делот на степенот на завршено образование и степенот на сложеност на работни задачи.

3.2.3. Со Правилникот за внатрешна организација, единицата за внатрешна ревизија е организирана како Одделение за внатрешна ревизија со систематизирани две работни места вклучително и раководителот на одделението. Со извршениот увид во начинот на вршењето на работите во делокругот на ова одделение, утврдивме дека истото функционира само со едно лице - Раководителот на одделение. Во текот на 2022 година не е изготвен план за извршување на внатрешна ревизија и не е спроведена ниту една внатрешна ревизија. Поради наведеното не е остварена функцијата на внатрешната ревизија во насока на минимизирање на слабостите и подобрување на ефикасноста на работењето на Клиниката што не е во согласност со член 33 и член 40 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Препорака**

Одговорното лице на Клиниката да преземе активности со кои ќе се обезбеди функционална единица за внатрешна ревизија

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1.1.Како дел од здравствените услуги кои ги нуди Клиниката е и обезбедување хормон за раст за пациентите кај кои е утврдена оваа потреба. Набавката ја врши Клиниката, а се предвидуваат количини за сите регистрирани пациенти како и за очекувани нови пациенти. Во текот на 2022 година по овој основ реализирани се расходи од двете сметки преку кои Клиниката го врши своето работење во износ од 66.967 илјади денари. Со извршениот увид во техничките спецификации утврдивме дека предметот на набавката е поделен во пет делови за набавка на хормон за раст со исто генеричко име и ист АТЦ код од што произлегува дека во секој дел се набавува истиот лек а разликата меѓу деловите се однесува само на количината на активна супстанца – лек во количина на раствор, односно во секој од деловите е дефинирана различна фармацевтска дозажна форма на лекот во која се врши комерцијалната продажба. За секој дел поднесена е една понуда, која е избрана за најповолна, поради што набавен е хормон за раст со исто генеричко име но од 4 различни производители/ трговски марки чии единечни вредности се разликуваат. Набавените трговски марки и различните количински пакувања на хормонот за раст се прикажани на Графикон бр. 2

Графикон бр.2.




Од страна на одговорните лица на Клиниката и медицинскиот персонал дадено е образложение дека хормонската терапија има ист медицински ефект без разлика на производителот на хормон кој се аплицира и кога ќе јави потреба од приклучување на пациент на терапија, истиот се приклучува на оној хормон од кој во моментот има доволно залихи за непречено да се одвива лекувањето. Откако пациентот ќе се приклучи на определена хормонска терапија, според укажувањата на докторите, истата треба да ја прима до крајот на лекувањето и не е медицински препорачливо да се менува производителот на лекот во текот на лекувањето, што е причина за начинот на кој е дефиниран предметот на набавката во техничките спецификации. Во однос на разликата во цени која се јавува дадено образложение дека дел од лековите се поскапи бидејќи се оригинатори[3] а поевтините лекови се био-слични[4].

Ревизијата е на мислење дека е потребно Клиниката во соработка со Министерството да го евалуира начинот на кој се приклучуваат пациентите на

[3] Изразот "лек оригинатор" се однесува на првото правно лице кое развило или произвело одредена лековита супстанца или лек. Кога се појавува нова медицинска терапија или лек, првото правно лице што открило и произвело таква супстанца добива статус на "лек оригинатор". Наведеното значи дека ова правно лице има право на патентот за тој лек во првите неколку години, што и овозможува ексклузивната продажба.

[4] Био-сличен лек, познат и како генерички лек, е лек кој содржи иста активна супстанца како и оригиналниот лек кој има патентна заштита, но се произведува од друга фирма по истекувањето на патентот. Ова значи дека био-сличниот лек е еквивалентен на оригиналниот лек во поглед на квалитетот, дејството и безбедноста.

терапија и на кој се изготвуваат техничките спецификации со цел да се обезбеди постигнување на пониски цени во постапката за јавна набавка.

4.1.2. Во периодот на вршење на ревизијата, Клиниката е центар за лечење на пациенти кои боледуваат од цистична фиброза.[5] Подобрување на третманот и начинот на лекување на пациентите започнува од 2008 година кога во позитивната листа на лекови се воведени три инхалациони лекови, кои до пациентите се спроведуваат преку инсулинските аптеки. Во периодот кој следува на пазарот станале достапни нови генерации на лекови за третман на цистична фиброза кои до денот на ревизијата не се воведени во позитивната листа на лекови, поради што Клиниката ја користи можноста во рамки на годишниот договорен надоместок да вклучи и условен надоместок за набавка на овие лекови. Набавката на дел од лековите се врши и преку Програмата за лекување на ретки болести која се реализира во рамки на министерството. Средствата кои Клиниката ги обезбедила по овие основи за 2022 година и 2023 година изнесуваат 180.350 илјади денари.

Од извршените разговори со одговорните лица и увидот во приложената документација утврдивме дека на Клиниката се регистрирани помеѓу 130 и 140 пациенти кои боледуваат од цистична фиброза, а обезбедените средства се доволни за набавка на терапија за само 15 пациенти.

Ненавлегувајќи во медицинската исправност на одлуките на докторите и неоспорувајќи ја потребата од вклучување на пациентите на соодветна терапија, сметаме дека во услови на ограничен буџет и ограничен број на пациенти на кои им се дава терапијата, постои ризик од субјективизам при изборот на пациенти кои ќе бидат вклучени на терапија.

Во периодот на вршење на ревизија, а по приклучувањето на пациенти на терапија, изготвен е Записник од одржани состаноци помеѓу Клиниката и ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмо-алергологија каде мултидисциплинарен тим од доктори ги определува пациентите кои ќе бидат приклучени на терапијата со наведени медицински индикатори.

Истакнуваме дека е потребно Клиниката во соработка со Фондот и Министерството да преземат активности за обезбедување на средства со цел вклучување на оваа терапија на сите пациенти за кои постојат докази дека ги исполнуваат медицинските критериуми, потврдено од лекарски конзилиум и стручен колегиум.

[5] Автосомно рецесивна наследна болест предизвикана од мутации на CFTR гени која е комплексна, мултисистемска, животно-загрозувачка болест чии главни клинички манифестации се врз дишните патишта, гастроинтестиналниот тракт и репродуктивниот тракт

4.1.3. Со извршениот увид во начинот на пресметка и исплата на плати и надоместоци на плата на одговорните лица на Клиниката утврдивме дека во периодот од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година

- на медицинскиот директор на Клиниката кој во тој период ја вршел функцијата, неосновано му е исплатен надоместок за дежурство во нето износ од 609 илјади денари и
- на организацискиот директор му е вршена пресметка на плата по коефициент кој не соодветствува со утврдениот во Поединечниот колективен договор на Универзитетски клиники[6], поради што во овој период на име плата неосновано му се исплатени 133 илјади денари во нето износ.

Овие состојби се утврдени при вршење на контрола од страна на Фондот и потврдени со наод и мислење од вешто лице ангажирано од Клиниката и со Решенија констатирани од страна на актуелниот медицински директор, со кои е дадено задолжение да се изврши поврат на средствата.

Од страна на поранешниот медицински директор извршен е поврат на целиот износ кој неосновано му бил исплатен, односно средствата се уплатени на сметка на Фондот кој понатаму ги исплатил на сметка на Клиниката. До денот на вршење на ревизијата не се презентирани докази за наплата на неосновано исплатените средства на организацискиот директор.

Ревизијата смета за потребно да истакне дека е неопходно да се преземат активности за целосна наплата на средствата како и да се зајакнат контролите при пресметката и исплатата на плата и надоместоци на плата на одговорните лица на Клиниката.

## 5. Клучни ревизорски прашања

Дополнително покрај состојбите опишани во Основот за квалификувано мислење, ревизијата го идентификуваше следното прашање опишано подолу како клучно ревизорско прашање кое е комуницирано и со одговорното лице на субјектот.

Клиниката има извршено здравствени услуги на товар на Фондот во вкупен износ од 251.873 илјади денари, а договорениот надоместок со Фондот за 2022 година изнесува 528.989 илјади денари.

Имено, согласно член 69 од Законот за здравствено осигурување и одлука на Владата, Фондот има обврска да обезбеди средства за целосно функционирање на оние ЈЗУ кои поради повеќе причини не успеваат да остварат соодветен вид и обем на здравствени услуги во висина на договорениот надоместок. При тоа, во законската регулатива не се утврдени критериуми, ниту пак е јасно дефинирано

[6] Со Поединечниот колективен договор на Универзитетските клиники за пресметка и исплата на плата на организациски директор утврден е коефициент 6,379, а УО на Клиниката на организацискиот директор му утврдил коефициент 8,07.

што подразбира целосно финансирање на одредени ЈЗУ и на кој начин се утврдуваат договорените надоместоци на неодржливите ЈЗУ.

Несразмерноста помеѓу вредноста на извршените здравствени услуги и одобрениот договорен надоместок во најголем дел се должи на фактот што континуираното зголемување на цените на медицинските материјали и платите на здравствените работници во изминатиот период не е соодветно вкалкулирано во цените по која Фондот ги купува здравствените услуги од ЈЗУ.

Во услови кога обемот на извршените услуги во последните години останува ист, а договорениот надоместок бележи раст, ревизијата не беше во можност да се увери дека при утврдување на договорениот надоместок за ЈЗУ земени се предвид одредбите во Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи[7], како и причините за неможноста за зголемување на нивото на дадени здравствени услуги.

## 6. Останати прашања

Согласно член 92-г од Законот за здравствената заштита, министерот за здравство е должен да воспостави Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ, кој треба да овозможи побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во ЈЗУ, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ. Согласно одредбите од овој Закон, ЈЗУ се задолжени да воведат редовна евиденција на потрошокот на медицински материјал класифициран по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови. Националниот систем треба да биде составен дел од интегрираниот здравствен информатички систем, а за непречено функционирање на системот, ЈЗУ се задолжени да обезбедат софтверска апликација која ќе овозможува непрекината двонасочна комуникација и размена на податоци.

Со анализа на преземените активностите поврзани со оваа законска обврска, утврдивме дека и покрај тоа што законската обврска за востановување на Националниот систем е воведена во 2015 година, активностите на Министерството сѐ уште се наоѓаат во почетна фаза и според добиената Информација, Националниот систем од јануари 2018 година не е во функција поради необезбеден договор за негово одржување.

Поради наведеното, не е обезбедено следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ.

[7] Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивна и итна медицинска помош, специјалистичко-консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита Бр. 02-24077/7 од 18 декември 2009 година.

Исто така, за имплементирање на одредбите од член 92-д од Законот за здравствената заштита Министерство има склучено договор за јавна набавка на Централен систем за регистрација на работно време за потребите на ЈЗУ. По спроведената групна набавка од страна на Министерството во име и за сметка на ЈЗУ во текот на 2017 година испорачани се и монтирани уреди за евиденција на работното време, но се уште не е отпочната примената на истиот.

Ревизијата е на мислење дека е потребно, Министерството да преземе активности за преиспитување на овие законски решенија и можностите за имплементација и функционалност на Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ и Централниот систем за евиденција на работното време.

## 7. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Клиниката за 2009 година при што не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што е изминат подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 8. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 9. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Д-р Аспазија Софијанова, медицински директор од 17.11.2020 година до 03.11.2022 година
- Д-р Стојка Нацева Фуштиќ, вршител на должност медицински директор од од 03.11.2022 година
- Аљајдин Мемеди, организациски директор од 17.01.2022 година до 24.03.2023 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 10. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија. и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Клиниката, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 11. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во финансиските извештаи. Нето ефект на корекциите е зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба во износ од 2.359 илјади денари. Извршени се корекции со налог бр. 01-302 од 27.10.2023 година и налог бр. 01-340 од 20.11.2023 година со кој е:

- зголемена позицијата Нематеријални средства во износ од 1.650 илјади денари;

- зголемена позицијата Материјални средства во износ од 4.514 илјади денари;
- намалена позицијата Залихи во износ од 3.805 илјади денари и
- зголемена позицијата Извори на капитални средства во износ од 2.359 илјади денари.

## 12. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот одржан на ден 07.11.2023 година и 08.11.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 25 –172 /8 од 19.12.2023 година.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 529.562 | 479.953 |
| **Вкупно приходи** | | **529.562** | **479.953** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 231.908 | 229.473 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 296.531 | 240.397 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 1.123 | 9.979 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **529.562** | **479.849** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 0 | 104 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **104** |
| **Вкупно расходи** | | **529.562** | **479.953** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2022** | **2021** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 25 | 25 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 60 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 120.435 | 180.018 |
| Залихи | 4.1.4. | 9.387 | 21.334 |
| **Вкупно тековни средства** | | **129.907** | **201.377** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.650 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 78.686 | 66.259 |
| **Вкупно постојани средства** | | **80.336** | **66.259** |
| **Вкупна актива** | | **210.243** | **267.636** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 102.657 | 161.195 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 494 | 613 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 17.284 | 18.210 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 85 | 25 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **120.520** | **180.043** |
| **Долгорочни обврски** | | **0** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3.1. | 89.723 | 87.593 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **89.723** | **87.593** |
| **Вкупна пасива** | | **210.243** | **267.636** |

СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2022 година** | **66.259** | **21.334** | **87.593** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **94.811** | **152.505** | **247.316** |
| Набавки | 2.415 | 152.505 | **154.920** |
| Ревалоризација на капитални средства | 86.941 | | **86.941** |
| Корекции по насоки на ревизијата | 5.455 | | **5.455** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **80.734** | **164.452** | **245.186** |
| Отпис на капитални средства | | 160.647 | **160.647** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 72.748 | | **72.748** |
| Амортизација | 7.986 | | **7.986** |
| Корекции по насоки на ревизијата | | 3.805 | **3.805** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2022 година** | **80.336** | **9.387** | **89.723** |